# Р Е Ф Е Р А Т
## НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО СТРУЧНО-УМЕТИНЧКИ ПРЕДМЕТИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА УМЕТНОСТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ТЕТОВО

Врз основа на Конкурсот на Универзитетот во Тетово за избор на наставници во сите наставно-научни звања, наставно-научни звања по стручно-уметинчки предмети и за избор во соработнички звања на Универзитетот во Тетово, за еден наставник по стручно-уметнички предмети од областа на актерството на Факултет за Уметности, објавен во весниците "Коха" и "Нова Македонија" од 15.02.2020, истотака и во web-страницата на Универзитетот www.unite.edu.mk, и врз основа на одлуката бр. 20-88/3 на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултет за Уметности на Универзитетот во Тетово во седницата одржана на 30.04.2020, донесена е одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав:

1. Проф. Фадиљ Хисај (претседател на комисијата), режисер и редовен професор на Факултет за Уметности на *Универзитетот во Приштина*.

2. Проф. д-р Метин Изети (член на комисијата), филозоф, естет и редовен професор на Факултет за Уметности на *Универзитетот во Тетово*.

3. Проф. д-р Неби Исљами (член на комисијата), драматург и редовен професор на Факултет за Уметности на *Универзитетот во Приштина*.

Предложените членови унанимно ја профатиле Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, потоа ја превземале пристигнатата документација и со сериозност се зафатиле за работа разгледувајќи ги на аналитички начин материјалите кои им беа на располагање. Врз база на наодите, проценките и заклучоците, оваа Комисија на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултет за Уметности на Универзитетот во Тетово, на Советот на Ректоратот на Универзитетот во Тетово, преку него на Сенатот на Универзитетот во Тетово, му го поднесува овој:

# Р Е Ф Е Р А Т

На објавениот Конкурс за избор на наставници во сите наставно-научни звања, наставно-научни звања по стручно-уметинчки предмети и за избор во соработнички звања на Универзитетот во Тетово, за **еден наставник по стручно-уметнички предмети од областа на актерството на Факултет за Уметности** во предвидениот рок се пријавил еден кандидат: **Доц. м-р Куштрим Бектеши.**

### Биографски податоци и професионален развој

Куштрим Бектеши се родил во Куманово, на 26.02.1982. Основното училиште го завршил во с.Лопате-Куманово, а средното во гимназијата „Гоце Делчев„ во Куманово. Од 2000-2002 година студирал на Факултет за Уметности на Универзитетот во Приштина, Оддел театарска режија, во класата на проф. Фадиљ Хисај. Од 2002-2006 година студирал

на Факултет за Драмски Уметности на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Оддел театарска режија, во класата на проф. Слободан Унковски. Дипломирал во 2008 година на Факултет за Драмски Уметности во Скопје, Оддел за Театарска Режија, со претставата „Војцек„ од авторот Георг Бихнер.

Кандидатот м-р Куштрим Бектеши магистрирал во 2011 година на Факултет за Драмски Уметности на Универзитетот “Св. Кирли и Методиј” во Скопје, на филмските аудиовизуелни студии – модул: Филмско и Тв Сценарио, под менторство на вон.проф. д-р Сашко Насев, со сценариото за долгометражен игран филм “Кафеана на шејтанот (поднаслов: Незаборавна пролет во заборавено село)”.

Од академските учебни 2007/2008 до 2012/2013 година кандидатот м-р Куштрим Бектеши предавал во својство на надворешен соработник – ДЕМОНСТРАТОР на Факултет за Драмски Уметности на Универзитетот “Св. Кирли и Методиј” во Скопје, по предметот ТЕАТАРСКА РЕЖИЈА, каде отпосле склучува договор за редовен работен однос и од академската учебна 2012/2013 до 2015/2016 година предава на истиот Факултет во својство на соработник во звање ПОМЛАД АСИСТЕНТ.

Во академската учебна 2012/2013 година и во летниот семестар на академската учебна 2014/2015 година предавал во својство на надворешен соработник – АСИСТЕНТ на предметните дисциплини АКТЕРСТВО и ТЕАТАРСКА РЕЖИЈА во студиската програма на Драмска Уметност на Факултет за Уметности на Универзитетот во Тетово, и тоа: на зимскиот семестар на академската учебна 2012/2013 год. во предметните дисциплини Актерство 3 и Театарска Режија 3-4; во летниот семестар на академската учебна 2012/2013 год. во предметните дисциплини Актерство 2-4 и Театарска Режија 3-4; во летниот семестар на академската учебна 2014/2015 год. во предметната дисциплина Театарска режија 4.

Во 2015 година со одлука на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултет за Драмски Уметности на Универзитетот “Св. Кирли и Методиј” во Скопје (одлука бр.0202-308/7 од 23.06.2015) кандидатот м-р Куштрим Бектеши се избира за наставник во звање ДОЦЕНТ, и од академската учебна 2015/2016 до 2019/2020 година предавал по предметот ТЕАТАРСКА РЕЖИЈА на Факултет за Драмски Уметности на Универзитетот “Св. Кирли и Методиј” во Скопје.

Рецензентската комисија ја следел амплитудата на професионалниот развој и творештво на кандидатот м-р Куштрим Бектеши и е унанимна во преценката дека кандидатот се покажал како еден од најдобрите студенти во класата, што се потврдува со просекот на оценката на дипломирање 9.64, а после дипломирање докажал високи квалитети и вредности:

1. во наставно-образовна дејност,
2. во стручно-уметничка дејност,
3. во стручно-применувачка дејност, и
4. во дејности од поширок интерес.

Со цел Наставно-научниот и уметнички совет на Факултет за Уметности на Универзитетот во Тетово, истотака и повисоките исntанци на одлучување да имаат една подетализирана слика од општата дејност, успесите, наградите и националните и меѓународните трофеи на кандидатот м-р Куштрим Бектеши, Рецензентската комисија сметало дека е разумно да прикажува едно резиме на авторските дела и нивното вреднување во национални и меѓународни простори, од датумот на последниот избор во наставно-научно звање Доцент до датумот на објава на овој Конкурс, односно од 23 јуни 2015 до 15 февруари 2020.

Подоле, во делот на ПРИЛОГОТ на овој реферат, ќе го прикажеме сликовито вреднувањето и бројот на поени за валоризација на дејностите со кои се здобиваат универзитетските звања.

Рецензензентската комисјиа е унанимна во проценката дека базирано во неговите авторски дела, кандидатот м-р Куштрим Бектеши се развил како еден од брилијантните примери на албанската сценска уметност оставајќи белег во националната уметничка свест.

Кандидатот постигнал широки скалила на сознание и професионален напредок бидејќи освен албанскиот стандарден јазик како мајчин јазик, ги познава во висок професионалн степен и македонскиот и англискиот јазик, при што со неговите дела се развил во еден од најеминентните творци во временскиот период на последната декада.

Како што може да се гледа во табелите подоле во ПРИЛОГОТ на овој реферат, канидатот м-р Куштрим Бектеши од областа на наставно-образовната дејност собрал 67.95 поени, од областа на стручно-уметничката дејност 96 поени, од областа на стручно-применувачката дејност 84 поени и од областа на дејности од поширок интерес 29 поени. Тоталната сума од 276.95 поени, земајќи ја во предвид збиената дејност и неговата возраст, го означува максималното вреднување на неговата дејност поврзано со придонесот во академската работа на Факултетот за Драмски Уметности на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје и уметничката дејност во областа на театарот и филмот во националната и меѓународната арена.

Кандидатот м-р Куштрим Бектеши режирал вкупно 24 театарски претстави, авторски дела, од кои 4 претстави за деца. Тој е сценарист и режисер на три уметнички филмови, од кои две краткометражни и еден долгометражен филм.

Тој е лауреат на 8 награди за најдобра режија и 6 награди за најдобра претстава, меѓу кои вреди да се истакне Награда “Култ” за режисер на годината во Албанија за претставата “Кој се плаши од Вирџиниа Вулф” (2010), Годишна Награда на МКМС на Косово за најдобра претстава за претставата “Слуга на двајца господари”(2016) и Годишна Награда на МКМС на Косово за најдобра режија за претставата “Тие што бегаат” (2018).

Истотака е лауреат на ТРИ меѓународни награди:
1. „Audience Award„, во Меѓународниот Филмски Фестивал „ПРИФЕСТ„ во Пришина, за долгометражниот игран филм “Незаборавна пролет во заборавено село” (2019).

2. “Special Mention” во Меѓународниот Филмски Фестивал во Тирана, за долгометражниот игран филм “Незаборавна пролет во заборавено село” (2019).
3.”The Vannesa Redgrave Awards” за “Best Pitch” во ПРИФОРУМ на Меѓународниот Филмски Фестивал во Приштина “ПРИФЕСТ”, за филмскиот проект во предпродукција “Незаборавна пролет во заборавено село” (2014).

Од биографските податоци и авторските дела истакнати погоре, Рецензентската комисија проценило дека м-р Куштрим Бектеши се развил во полиедричен творец чии дела оставиле белег во националната и општата култура.

М-р Куштрим Бектеши во неговото уметничко творештво ја култивирал драмата, комедијата и филмот претставувајќи се со обемна имагинација и иновативност во пласирање на идеи, значења односно широкозначности во пренесување на пораките и оригиналните концепти во развојот на можни актуелни и футуристични текови на настаните. Од овој агол на гледиште неговите авторски дела ја имаат идеоестетската димензија која допира во метафизички и реални рамништа. Во нив го наоѓаме ритамот и екзистенциалното вознемирување на човекот во филозофско рамниште, религиозно, историско и актуелно, и токму поливалентноста на овие дела влијае во современата свест и совест која е натоварена со анксиозност и безконечни предизвици.

Од информациите што оваа Комисија ги имала на располагање, констатирала дека кандидатот е социализиран, отворен, комуникативен и способен за пренесување на професионални едукативно-образовни сознаниа во академско ниво.

Кандидатот заедно со формуларот за апликација ги доставил и: Одлуката за избор во наставно-научно звање ДОЦЕНТ; Дипломата за додипломски студии; Магистерска Диплома; Биографија со список на професионална-уметничка дејност; Оригинална копија на магистерскиот труд; Потврда за познавање на англиски јазик; Уверение за државјанство и Извод од матичната книга на родените.

Од севкупните проценки, наоди и просудби што ги издвоила врз основа на авторските дела и професионалното педагошко искуство за кандидатот м-р Куштрим Бектеши, Рецензентската комисија со потполна унанимност на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултет за Уметности на Универзитетот во Тетово, на Советот на Ректоратот на Универзитетот во Тетово, преку него на Сенатот на Универзитетот во Тетово, му го поднесува овој:

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесеното презентирање и од податоците подоле во **Прилог**, Рецензензентската комисија позитивно ги вреднува активностите во наставно-образовната дејност, стручно-уметничката, стручно-применувачката и дејноста од поширок интерес, и констатира дека кандидатот м-р Куштрим Бектеши во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања, наставно-научни звања по стручно-уметинчки предмети и за избор во соработнички звања на Универзитетот во

Тетово, собрал севкупно **276.95 поени** од професионалните референци и со ова го надминал минималниот број на остварени поени потребни за да се избира во наставно-научно звање по професионални уметнички предмети **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**.

Базирајќи се на горенаведените податоци за севкупните активности на кандидатот, Рецензенската комисија заклучува дека м-р Куштрим Бектеши поседува наставно-научен и професионален квалитет и според Законот за високо образование истотака и во согласност со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни звања, наставно-научни звања по стручно-уметинчки предмети и за избор во соработнички звања на Универзитетот во Тетово ги исполнува сите услови да биде избран во звањето на кое конкурирал.

Потпирајќи се на претходното наставно-научно работење во Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и во Универзитетот во Тетово, истотака во претходното наставно-научно звање ДОЦЕНТ, како и во уметничкото творештво, обемното и вредно авторско дело, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултет за Уметности на Универзитетот во Тетово, на Советот на Ректоратот на Универзитетот во Тетово, преку него на Сенатот на Универзитетот во Тетово, кандидатот м-р Куштрим Бектеши да биде избран во наставно-научно звање **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** по предметот **Драмска Уметност – Актерство**, во студиската програма на Драмска Уметност на Факултет за Уметности на Универзитетот во Тетово.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**1. Проф. Фадиљ Хисај, претседател**

________________________________

**2. Проф. д-р Метин Изети, член**

________________________________

**3. Проф. д-р Неби Исљами, член**

________________________________

**П Р И Л О Г**
**КОН РЕЦЕНЗИЈАТА ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО СТРУЧНО-УМЕТИНЧКИ ПРЕДМЕТИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА УМЕТНОСТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ТЕТОВО**

**Кандидат:** Куштрим Фадиљ Бектеши

**Институција:** Факултет за Уметности (Драмска Уметност) – Универзитет во Тетово, Тетово

**Научна област:** Актерство (стручно-уметнички предмети од областа на актерството)

## I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

***(јуни 2015 – февруари 2020 на Факултет за Драмски Уметнсти-Скопје)***

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** Бр. часови х Недели х Поени | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Театарска режија – Базични техники за работа со актер (I семестар, 2015/16) предавања 8x15x0.04 | 4.8 |
| 2 | Театарска режија – Мизансценот во театарската режија (II семестар, 2015/2016) предавања 8x15x0.04 | 4.8 |
| 3 | Театарска режија – Композиција на сложена театарска форма (I семестар, 2016/2017) предавања 8x15x0.04 | 4.8 |
| 4 | Театарска режија – Стил и жанр на театарската претстава (II семестар, 2016/2017) предавања 8x15x0.04 | 4.8 |
| 5 | Театарска режија – Напредни техники во театарската режија (I семестар, 2017/2018) предавања 8x15x0.04 | 4.8 |
| 6 | Театарска режија – Подготвителна работа на дипломска претстава (II семестар, 2017/2018) предавања 8x15x0.04 | 4.8 |
| 7 | Театарска режија 1 (I семестар, 2018/2019) предавања 5x15x0.04 | 3 |
| 8 | Театарска режија 2 (II семестар, 2018/2019) предавања 5x15x0.04 | 3 |
| 9 | Театарска режија 3 (I семестар, 2019/2020) предавања 5x15x0.04 | 3 |
| 10 | Театарска режија – Базични техники за работа со актер (I семестар, 2015/16) вежби 6x15x0.03 | 2.7 |
| 11 | Театарска режија – Мизансценот во театарската режија (II семестар, 2015/2016) вежби 6x15x0.03 | 2.7 |
| 12 | Театарска режија – Композиција на сложена театарска форма (I семестар, 2016/2017) вежби 6x15x0.03 | 2.7 |
| 13 | Театарска режија – Стил и жанр на театарската претстава (II семестар, 2016/2017) вежби 6x15x0.03 | 2.7 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | Театарска режија – Напредни техники во театарската режија (I семестар, 2017/2018) вежби 6x15x0.03 | 2.7 |
| 15 | Театарска режија – Подготвителна работа на дипломска претстава (II семестар, 2017/2018) вежби 6x15x0.03 | 2.7 |
| 16 | Театарска режија 1 (I семестар, 2018/2019) вежби 5x15x0.03 | 2.25 |
| 17 | Театарска режија 2 (II семестар, 2018/2019) вежби 5x15x0.03 | 2.25 |
| 18 | Театарска режија 3 (I семестар, 2019/2020) вежби 5x15x0.03 | 2.25 |
| 19 | Основи на театарска режија 1 (I семестар, 2015/2016) предавања 2x15x0.04 | 1.2 |
| 20 | Основи на театарска режија 2 (II семестар, 2015/2016) предавања 2x15x0.04 | 1.2 |
| 21 | Основи на театарска режија 1 (I семестар, 2016/2017) предавања 2x15x0.04 | 1.2 |
| 22 | Основи на театарска режија 2 (II семестар, 2016/2017) предавања 2x15x0.04 | 1.2 |
| 23 | Основи на театарска режија 1 (I семестар, 2018/2019) предавања 2x15x0.04 | 1.2 |
| 24 | Основи на театарска режија 2 (II семестар, 2018/2019) предавања 2x15x0.04 | 1.2 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ од наставно-образовна дејност:** | | **67.95** |

## II. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:**<br><br>**Јавно изведено или претставено уметничко дело во облик познат во јавноста – филмови, театарски претстави, настани (2015-2020)** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Режисер на претставата “МАНДРАГОЛА” од Макиавели, продукција на НУЦК „Трајко Прокопиев„ –Албанска драма, Куманово, 2019 | 8 |
| 2 | Режисер на претставата “ИЗГУБЕНОТО ПИСМО” од Јон Лука Караџале, продукција на Тетовски Театар, 2019. | 8 |
| 3 | Режисер на долгометражниот игран филм “НЕЗАБОРАВНА ПРОЛЕТ ВО ЗАБОРАВЕНО СЕЛО” – продукција на „Мануфактура„ (Македонија) во копродукција со „Медиа&Филм„ (Косово), „Ска-ндал„ (Албанија) и „Скупифест„ (Македонија), 2019. | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Сценарист на долгометражниот игран филм “НЕЗАБОРАВНА ПРОЛЕТ ВО ЗАБОРАВЕНО СЕЛО” – продукција на „Мануфактура„ (Македонија) во копродукција со „Медиа&Филм„ (Косово), „Ска-ндал„ (Албанија) и „Скупифест„ (Македонија), 2019. | 10 |
| 5 | Режисер на претставата “ДУЕТ ЗА ЕДЕН” од Том Кемпински, продукција на Албански Театар-Скопје, 2019. | 8 |
| 6 | Автор на текстот “ТИЕ ШТО БЕГААТ”, продукција на Театарот “Беким Фехмиу” - Призрен, 2017. | 8 |
| 7 | Режисер на претставата “ТИЕ ШТО БЕГААТ” од Куштрим Бектеши, продукција на Театарот “Беким Фехмиу”, Призрен, 2017. | 8 |
| 8 | Режисер на претставата “ТАРТИФ” од Молиер, продукција на Театарот „Миѓени„ - Скадар, 2017. | 8 |
| 9 | Сценограф на претставата “ТАРТИФ” од Молиер, продукција на Театарот “Миѓени” - Скадар, 2017. | 4 |
| 10 | Режисер на претставата “ЧОВЕК, ЅВЕР И ДОБЛЕСТ” од Луиџи Пирандело, продукција на Театарот „Адриана Абдулаху„ - Урошевац, 2017. | 8 |
| 11 | Режисер на претставата “АРСЕНИК И СТАРИ ДАНТЕЛА” од Џозеф Кесерлинг, продукција на Албански Театар - Скопје, 2016. | 8 |
| 12 | Режисер на претставата “СЛУГА НА ДВАЈЦА ГОСПОДАРИ” од Карло Голдони, продукција на Театарот „Беким Фехмиу„ - Призрен, октомври 2015. | 8 |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ од стручно-уметничка дејност:** | **96** |

## III. СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:**<br><br>**Учество на неговите дела (претстави и филмови) на национални и интернационални манифестации (2015-2020)** | **Поени** |
|---|---|---|
| | ***Со долгометражниот игран филм “Незаборавна пролет во заборавено село” (сценарист и режисер):*** | |
| 1 | 2019 – Московски Меѓународен Филмски Фестивал, Русија (Moscow International Film Festival). | 4 |
| 2 | 2019 – Меѓународен Филмски Фестивал во Нанси, Франција (Nancy International Film Festival). | 4 |
| 3 | 2019 – “ПРИФЕСТ” Меѓународен Филмски Фестивал во Приштина, Косово (“PRIFEST” Prishtina International Film Festival). *Награда „Audience Award”***.** | 4 |
| 4 | 2019 – Меѓународен Филмски Фестивал во Тирана, Албанија (Tirana International Film Festival). *Награда “**Special Mention**”***.** | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | 2019 – “ТИФФ ОДА” Меѓународен Филмски Фестивал во Тетово, Македонија (“TIFF ODA” Tetovo International Film Festival). | 4 |
| 6 | 2020 – Балкански Филмски Фестивал во Cineplexx Скопје, Северна Македонија. | 2 |
| | ***Со претставата “Изгубеното писмо” (режисер):*** | |
| 7 | 2019 – Театарскиот Фестивал во Урошевац. *Награда за најдобра режија.* | 4 |
| 8 | 2019 – Меѓународен фестивал на театарот во Тетово. | 4 |
| | ***Со претставата “Дует за еден” (режисер):*** | |
| 9 | 2019 – Мултимедиален фестивал “Етнофест Кукај”. *Награда за најдобра режија.* | 4 |
| | ***Со претставата “Тие што бегаат” (Автор на текстот и режисер):*** | |
| 10 | 2018 – Меѓународен театарски фестивал „Отело„ во Гостивар. *Награда за најдобра режија.* | 4 |
| 11 | 2018 – Театарскиот фестивал во Урошевац. | 4 |
| 12 | 2018 – Национален театарски фестивал во Тирана. | 4 |
| | ***Со претставата “Тартиф” (режисер и сценограф):*** | |
| 13 | 2018 – Меѓународниот балкански театарски фестивал во Бурса, Турција. (Bursa International Balcan Countries Theater Festival) | 4 |
| 14 | 2017 – Театарскиот фестивал во Урошевац. *Награда за најдобра режија.* | 4 |
| 15 | 2017 – “Кокофест” Фестивал на Комедијата во Корча. | 4 |
| 16 | 2017 – Фестивал на Комедијата во Прешево. *Награда за најдобра претстава.* | 4 |
| 17 | 2017 – „Комедиа Фест„ Фестивал на Комедијата во Ѓаковица. | 4 |
| | ***Со претставата “Арсеник и стари дантела” (режисер):*** | |
| 18 | 2016 – Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински„ во Прилеп. | 4 |
| | ***Со претставата “Слуга на двајца господари” (режисер):*** | |
| 19 | 2016 – „Кокофест„ Фестивал на Комедијата во Корча. *Награда за најдобра претстава и награда за најдобра режија.* | 4 |
| 20 | ноември 2015 – Културна Манифестација „Ноемвриски празници„ во Тетово. | 2 |
| 21 | ноември 2015 – „Скупифест„ Меѓународен Театарски Фестивал, Скопје. | 4 |
| 22 | октомври 2015 – Театарскиот Фестивал во Урошевац. *Награда за најдобра претстава и награда за најдобра режија.* | 4 |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ од стручно-применувачка дејност** | **84** |

# IV. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Уметнички директор на театарскиот фестивал “АКТФЕСТ”, Скопје, 2019. | 1 |
| 2 | Награда на публиката („Audience Award„) за долгометражниот игран филм “Незаборавна пролет во заборавено село” во “ПРИФЕСТ” Меѓународниот Филмски Фестивал во Приштина (“PRIFEST” Prishtina International Film Festival), 2019. | 1 |
| 3 | Награда „Special Mention„ за долгометражниот игран филм “Незаборавна пролет во заборавено село” во Меѓународниот Филмски Фестивал во Тирана (Tirana International Film Festival), 2019. | 1 |
| 4 | Награда за најдобра режија во Театарскиот Фестивал во Урошевац, за режија на претставата “Изгубеното писмо”, 2019. | 3 |
| 5 | Награда за најдобра режија во Мултимедиалниот фестивал “Етнофест Кукај” (Приштина), за режија на претставата “Дует за еден”, 2019. | 3 |
| 6 | Член на жири во Меѓународниот театарски фестивал “Скупифест” - Скопје, 2018. | 1 |
| 7 | Награда за најдобра режија во Меѓународниот Театарски Фестивал “Отело“ - Гостивар, за режија на претставата “Тие што бегаат”, 2018. | 3 |
| 8 | Награда за најдобар режисер на годината доделена од Министерство за Култура, Младина и Спорт на Р.Косово, за режија на претставата “Тие што бегаат”, 2018. | 3 |
| 9 | Награда за најдобра претстава во Фестивалот на Комедијата во Прешево, за претставата “Тартиф”, 2017. | 1 |
| 10 | Награда за најдобра режија во Театарскиот Фестивал во Урошевац, за режија на претставата “Тартиф”, 2017. | 3 |
| 11 | Награда за најдобра претстава во Фестивалот на Комедијата “Кокофест” во Корча, за претставата “Слуга на двајца господари”, 2016. | 1 |
| 12 | Награда за најдобра режија во Фестивалот на Комедијата “Кокофест” во Корча, за режија на претставата “Слуга на двајца господари”, 2016. | 3 |
| 13 | Награда за најдобра претстава на годината доделена од Министерство за Култура, Младина и Спор на Р.Косово, за претставата “Слуга на двајца господари”, 2016. | 1 |
| 14 | Награда за најдобра претстава во Театарскиот Фестивал во Урошевац, за претставата “Слуга на двајца господари”, октомври 2015. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 15 | Награда за најдобра режија во Театарскиот Фестивал во Урошевац, за режија на претставата “Слуга на двајца господари”, октомври 2015. | 3 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ од дејности од поширок интерес:** | | **29** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ (2015-2020)** | **Поени** |
|---|---|
| I. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 67.95 |
| II. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 96 |
| III. СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 84 |
| IV. ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС | 29 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ:** | **276.95** |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

**1. Проф. Фадиљ Хисај, претседател**

________________________________

**2. Проф. д-р Метин Изети, член**

________________________________

**3. Проф. д-р Неби Исљами, член**

________________________________